


# Информатика? На УКИМ?
# Сега нема дилема!
# ФИНКИ

**WWW.FINKI.UKIM.MK**

- **IO** е факултет при универзитетот „Св.Кирил и Методиј", создаден со обединување на институтите за информатика и компјутерска техника кои произлегоа од ПМФ и ФЕИТ
- **IO** е факултет за информатички науки и инженерство со најголем број слободни места во квота, најмногу и најдобри професори по информациски технологии (30 професори + 40 соработници)
- **IO** нуди директен контакт со домашниот и странскиот сектор за информациски технологии, непосреден контакт и соработка со странски професори и факултети, тридецениска традиција на успешни студенти при институтите за информатички технологии
- **IO** нуди најголем број студиски програми од кои 4 сосема нови насоки и 4 насоки кои институтите успешно ги водеа и досега
- **IO** нуди можност за бројни изборни предмети, можност студентите сами да се профилираат кон областите од интерес

facebook.com/FINKI.ukim.mk twitter.com/FINKIedu

### Интервју: проф. д-р Димитар Трајанов, декан на Факултететот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) - Скопје

# Современи системи за следење на наставата преку далечинско учење



**Вашиот Факултет е еден од најновите во Македонија, а сепак има долгогодишна традиција и реномирани професори и асистенти. Ќе сакате ли да ни кажете нешто повеќе за ФИНКИ?**

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) е дел од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и е формиран со здружувањето на професорите од двата најголеми институти од областа на информатиката и компјутерската техника во Македонија – Институтот за информатика (ИИ) при Природно-математичкиот факултет и Институтот за компјутерска техника и информатика (ИКТИ) при Факултетот за електротехника и информациски технологии.

ФИНКИ ја продолжува традицијата на овие два институти, кои во дадената форма работат уште од осумдесеттите години на минатиот век. Во овој период од скоро 30-тина години овие два Институти имаат континуиран раст во научните и техничките капацитети, како резултат на извонредните залагања на нивните членови, а во тренд со светскиот подем на информатичката технологија. Од оваа година тие и формално започнуваат да чекорат по заеднички пат како најсилна и најнапредна научно-истражувачка и образовна институција во Македонија од областите на информатиката.

**Во услови на се поголема конкуренција во високото образование во Македонија, што е тоа со што ќе ги привлечете своите идни студенти да студираат токму на Вашиот Факултет?**

Информатиката е многу динамична област. Токму поради таа динамика направивме современ факултет кој е поставен така да може да ги следи сите промени на полето на информатичката технологија. Во таа насока ФИНКИ е поставен како прилично флексибилна структура, во смисла на организација на Факултетот, наставата И содржините кои ќе се опфаќаат, се со цел да се одговори на предизвиците.

На ФИНКИ се вработени повеќе од 30 професори, доктори на науки од областа на информатиката, како и околу 40 соработници. По овој параметар ФИНКИ е најголемиот ИТ факултет во Македонија, но уште поинтересно е што тоа го прави и еден од најголемите во регионот.

ФИНКИ е државен ИТ факултет кој на студените им нуди најголем избор на студиски програми. Креирани се четири нови современи студиски програми и тоа: Компјутерски науки и инженерство, Мрежни технологии, Примена на е-технологии и Студии за информатичка едукација. Исто така, на ФИНКИ се пренесени и четирите информатички насоки кои Институтите успешно ги водеа и досега. На тој начин студените ќе можат да изберат да се запишат на ИКИ – Информатика и компјутерско инженерство (4-годишни студии) и на ИНФО – Професионални студии по информатика (3-годишни студии) кои се пренесени од Институтот за компјутерска техника и информатика на ФЕИТ, како И на Академски студии по информатика (4-годишни студии) и Професионални студии по информатички технологии (3-годишни студии) како студиски програми пренесени од Институтот за информатика на ПМФ.

Фактот што ФИНКИ има голем број професори ни дава можност да имаме голем број на изборни предмети и со тоа да им се овозможи на студентите самите да можат да си го креираат својот профил во согласност со нивните афинитети и интереси.

Во контекст на користењето на ИТ во едукацијата, ФИНКИ нуди современи системи за следење на наставата преку далечинско учење и веб достапност на материјали, дискусии, новости и соопштенија. Исто така, интензивно се користат и сервисите за Е-тестови, Е-анкети и Е-оценување.

Покрај тоа, ФИНКИ им нуди на своите студенти и можност да стекнат светски познати сертификати во рамки на наставата, преку CISCO Networking Academy, Microsoft ИТ академска програма и VUE Pearson центарот за тестирање.

**Колку студенти во државна и во приватна квота е предвидено да се запишат на ФИНКИ оваа година и кои се условите за запишување?**

Со 830 слободни места, ФИНКИ е технички факултет со најголема квота за нови студенти во рамките на УКИМ. Предвидено е да се запишат 630 студенти во државна квота и 200 студенти во квота со кофинансирање. Услови за запишување се определени со Конкурсот на УКИМ, а листата на потребни интерни и екстерни предмети е дадена на официјалната веб страна на ФИНКИ: http://finki.ukim.mk/mk/enrollment/upisi

**Дали доделувате стипендии и под кои услови?**

ФИНКИ е факултет за најдобрите студенти. Во оваа насока, Факултетот им дава целосна поддршка на најдобрите матуранти, со тоа што им овозможува бесплатно студирање на сите матуранти кои имаат освоено прва, втора или трета награда на некој од државните натпревари по информатика, математика и физика, како и на сите кандидати кои ќе освојат прва, втора или трета награда на меѓународен натпревар од истите области.

Покрај доделувањето на стипендиите, Факултетот планира да има континуирана соработка со овие најдобри студенти кои ќе бидат негови стипендисти преку овозможување тие да бидат директно ангажирани во изведувањето на наставата како демонстратори, кои би им помагале и би споделувале знаење со останатите колеги.

Во оваа насока, стипендии за студирање на Факултетот веќе беа доделени на најдобрите натпреварувачи-матуранти кои учествуваа на XXII Државен натпревар по информатика, кој се одржа на почетокот на април. Стипендијата важи за сите студиски години, доколку притоа студентите имаат просек над 9 и на време ги завршуваат студиите.

**Каква е соработката на Вашиот Факултет со домашните и странски универзитети и компании?**

ФИНКИ има тесна соработка со речиси сите ИТ компании во Македонија и со голем број на странски ИТ компании. Една од главните идеи е да се креираат кадри кои ќе имаат доволно специјализирано практично знаење за да можат веднаш да почнат со работа на реални проекти во компаниите. Во оваа насока соработката се одвива преку директно вклучување на компаниите во креирањето на студиските програми, потоа преку нивно учество во изведувањето на наставата на дел од изборните предмети каде експерти од ИТ индустријата им предаваат на студентите за технологии кои тие ги користат. Вториот начин на соработка е преку семинарски и дипломски работи кои се предложени од самите компании, на теми на кои тие тековно работат. И, се разбира, тука не треба да го заборавиме и изведувањето на праксата која студените задолжително ја изведуваат во рамките на ИТ компаниите.

Во контекст на соработката со домашните компании, интересен е и фактот што ФИНКИ е факултет кој има најголем број на проекти кои претставуваат директна соработка на науката и индустријата и се финансирани преку програмата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој од Министерството за образование и наука.

Посебно задоволство ми претставува да ја истакнам соработката и директните контакти кои професорите од ФИНКИ ги имаат со странски универзитети. Оваа соработка се одвива преку работењето на заеднички научно-истражувачки проекти кои се финансирани стана на Европската унија или САД, во кои покрај професорите активно се вклучени и студентите. Вториот тип на соработка е соработката преку размена на студенти – во рамките на различни програми испраќаме наши студенти да студиски престој во странство или пак ги испраќаме и им помагаме да го продолжат своето образование на постдипломски или докторски студии на некој од светски познатите универзитети.

**Каква е преспективата на дипломците на ФИНКИ на пазарот на трудот во Македонија и во странство?**

Основниот услов за да имате перспектива за наоѓање на работа во ИТ секторот е да имате знаење. Во процесот на образование главната цел на професорите е да створат услови и да им пренесат квалитетно знаење на своите студенти. Со гордост можам да кажам дека студентите кои своето образование го добиле од професорите на двата институти - ИИ и ИКТИ - се најбарани кадри на македонскиот ИТ пазар. Интересно е што добиваме барања од компаниите за луѓе за работа, кои ги проследуваме до нашите студенти од повисоките студиски години и всушност некои од нив почнуваат да работат И пред да ги завршат студиите.

Но, посебно интересен е фактот што некои од нашите најдобри студенти се вработени во светски познатите ИКТ компании, како што се Microsoft, Apple, Google и многу други, пред се поради тоа што имаат знаење, кое е доволно за да бидат избрани и да работат во овие светски престижни компании.

**Која е Вашата порака до матурантите?**

ИТ е една од најперспективните професии. Тоа е професија која од услужна дејност во минатото денес прерасна во професија која станува главен двигател на развојот, не само во ИКТ делот, туку и во сите останати области од современото општество.

Основната идеја за креирањето на ФИНКИ е успешно да одговори на новиот предизвик кој го има информатичката технологија како предводник на индустрискиот развој.

Вака поставен, ФИНКИ со својот пред се високо-квалитетен професорски кадар, е вистински избор за сите оние кои ја сакаат технологијата и го прифаќаат предизвикот да инвестират во своето знаење, да бидат лидери и да го водат идниот развој на нашето општество.